# TWO SANCTUARIES ON THE SITE
# MAL SURUN (EAGLES STONE)

**Dushko Temelkoski**
Institute for protecting of the cultural monuments and Museum Prilep
duletem@yahoo.com
**Olivera Jandreska**
Institute for protecting of the cultural monuments and Museum Prilep
oliveravera@gmail.com

**Publisher info:**

**Title:**
Review of the Institute of History
and Archaeology RIHA
**web address:**
http://js.ugd.edu.mk/index.php/RIHA

**ISSN: 2671-3144**
**eISSN: 2671-3152**

**First Published: 2010**

**Subject:**
history, archaeology, anthropology
history of art, ethnology, other humanities

**Publisher:**
Institute of History and Archaeology
FON, Goce Delcev University

**Editor in Chief:**
Ljuben Tevdovski
Goce Delcev University, Macedonia
ljuben.tevdovski@ugd.edu.mk

**Editorial Board:**
Todor Chepreganov
Goce Delcev University, Macedonia
Nevena Trajkov
Florida International University, USA
Trajce Nacev
Goce Delcev University, Macedonia
Jaromir Benes
Univer.of South Bohemia, Czech Republic
Stojko Stojkov
Goce Delcev University, Macedonia
Aleksandar Bulatovic
Institute of Archaeology, Serbia
Verica Josimovska
Goce Delcev University, Macedonia
Svetla Petrova
Bulgarian Academy of Sciences, Bulgaria
Oliver Cackov
Goce Delcev University, Macedonia
Martin Husar
Constantine the Philosopher
University, Slovakia

## Abstract

On the rocky hill Mal Surun (Eagle's stone) close to the village Dupjachani in the Prilep region there are a lot of cuts and hollows into the rocks. A part of these is connected with some cult activities in the past.
One rock has carves - representations of male and female symbols, which indicate of its usage in the ritual processions connected with the cult of fertility in eneolithic, Bronze Age and late Macedonian period. Another rock is striking because of the way it was processed with one part in the form of a saddle - "throne", and a system of cult holes. Probably a cleric or an elder of the community in distant past, sitting on the "throne", communicated with Gods and led the ritual procession. Ceremonial liquids were poured into the holes.
Similar ancient rocky sacred complexes existed in the neighboring regions, which points to an equal level of developed consciousness in understanding the spiritual in the same time, starting from the late Eneolith, through the next prehistoric periods until the Roman period.

**Key words**: site Mal Surun, cuts and hollows in rocks, male and female symbols of fertility, "throne", ritual holes.

**Theme/s:**
Prehistoric Archaeology, Classical Archaeology, Sanctuaries

# ДВА СВЕТИЛИШНИ ПРОСТОРИ НА ЛОКАЛИТЕТОТ МАЛ СУРУН (ОРЛОВ КАМЕН)


**Апстракт :**

На карпестиот рид Мал Сурун (Орлов камен) во близина на прилепското село Дупјачани, забележителни се бројни интервенции во карпи, делкања, засекувања и вдлабувања. Некои од нив можат да се поврзат со одредени култни активности во подалечното минато.

Се издвојува карпа со вдлабувања - претстави на машки и на женски симболи, кои упатуваат на нејзино користење, како и на просторот околу неа при одредени ритуални процесии поврзани со култот кон плодноста во енеолитот, бронзеното време и доцномакедонскиот период. Уште една карпа е впечатлива според начинот на кој е обработена, со еден дел во вид на седало - „престол“ и систем од обредни јами. Веројатно одредено лице, свештено или старешина на заедницата во подалечното минато, седејќи на „престолот“ комуницирало со боговите и раководело со ритуална процесија, додека во јамите симболично се сипале обредни течности.

Слични древни карпести светилишни комплекси егзистирале на поголем број локации во поширокиот регион, што укажува на подеднакво ниво на развиена свест во разбирањето на духовното во исто време, почнувајќи од доцниот енеолит, преку следните предисториски епохи, сѐ до римскиот период.



**Клучни зборови :**

локалитет Мал сурун, интервенции во карпи, машки и женски симболи на плодност, „престол“, култни јами

На археолошките наоѓалишта позиционирани во карпести предели, се среќаваат делкања, вдлабувања и други интервенции во карпи. Вообичаено се дефинираат како прилагодувања на карпите во рамки на одредени градби. Врз основа на ова шаблонизирано толкување, при археолошките истражувања не им се придава особена важност. Засекувањата во вертикала и хоризонтала, гледано од градежнички аспект, најверојатно и биле во функција на одредено прилагодување на карпите како делови од градби. Но, вдлабувањата во вид на јами, сепак можат да бидат предмет на поаналитички размислувања околу нивната намена. Јамите претставуваат мошне распространета појава на археолошките наоѓалишта. Покрај како вдлабувања во карпи, често се јавуваат во рамки на земјените културни хоризонти и тоа од сите временски периоди, од предисторијата сè до средниот век. Присутни се во различни форми, димензии и длабочини, а според движните археолошки материјали евидентирани во нив и според позиционираноста во однос на други архитектонски појави, се определуваат како култни или како јами за складирање на прехранбени производи или отпад. Кога се појавуваат на карпи без очевидно нивно поврзување со некаква градба (на мала и нерамна површина или на карпа со изолирана, но во исто време доминантна висинска позиционираност), веројатноста за нивна култна намена е мошне возможна.




**Сл. 1 - Поглед на локалитетот Мал Сурун од запад**

Ридот Мал Сурун или Орлов камен, претставува ниско, претежно карпесто возвишување на околу 1 км. југоисточно од прилепското село Дупјачани. Како археолошко наоѓалиште се поврзува со м.в. Испраена плоча и м.в. Тумба, лоцирани непосредно во западното подножје на повисокиот рид Сурун (Сл.1). На овие две позиции истражени се седум репрезентативни гробници издлабени во карпи од т.н. „македонски“ тип на гробници, датирани во II век ст.е..[1] Со рекогносцирања во рамничарскиот простор кон исток, евидентирани се мноштво рушевински остатоци од градби и движни археолошки наоди (фрагментирана садова керамика и нумизматички материјал) од предисториски и антички периоди. Се претпоставува дека на овој поширок простор меѓу селото Дупјачани и соседното Горно село кон југ, егзистирала античката населба Колобаиса[2]. Дел од оваа населба со градби од сакрален карактер веројатно егзистирал и на платоата под доминантниот врв Златоврв (манастир Трескавец), а кој го заградува од јужната страна целиот долен простор[3].

Во 2016 и 2017 година НУ Завод и Музеј - Прилеп реализира заштитни археолошки ископувања на акрополниот дел од ридот Мал Сурун, со цел добивање на поконкретни сознанија за културните содржини. Со сондажните истражувања на јужното и централното плато се евидентираа градби од времето на владеење на последните македонски кралеви, Филип V и Персеј и нивно продолжено егзистирање во римскиот републикански и раноцарски период. Со оглед на малата зафатнина на

[1] Aleksova B., 1959, Iskopavanja na Krklarima i kod Gornog sela, Arheoloski pregled 1, Beograd, 67; Кепески К., 1971, Елинистички период, Прилеп и прилепско низ историјата 1, Прилеп, 50; Митkоски А., 1996, Нови пелагониски гробници, Македонско наследство 2, Скопје, 89-96; Миткоски А., 1996, Објекти издлабени во карпа од прилепско, Macedoniae acta archaeologica 14, Скопје, 137-148; Миткоски А., Темелкоски Д., 2013, Три нови гробници издлабени во карпа во прилепско, Македонско наследство 40-41, Скопје, 83-104; Темелкоски Д., 2016, Гробници издлабени во карпа на локалитетот Сурун кај Горно село, Зборник на трудови 19, НУ Завод и Музеј Битола, 121-130;

[2] Папазоглу Ф., 1957, Македонски градови у римско доба, Жива антика - Књига 1, Скопје, 223;

[3] Крстот на покривот од црквата „Успение на Богородица“ во манастирот Трескавец е вглавен во античка мермерна плоча со натпис во кој се спомнува храм во градот Колобаиса со посвета на Артемида Ефеска; Папазоглу Ф., 1957, 223; Mikulcic I., 1966, Pelagonija u svetlosti arheoloskih nalaza, Skopje, 81; Кепески К., 1971, 49; Papazoglu F., Milin M., Ricl M., 1999, Inscriptiones Graecae X, Pars II, fasc.2, Branderburgische Akademie der Wissenschaften, Berlin, 233;

истражени делови од градбите, не можеше да се определи нивниот карактер, односно намена[4].

На ридот забележителни се поголем број на карпи со видливи интервенции изведени со делкања и вдлабувања. Вертикалните и хоризонтални засекувања, како и неколкуте скалести форми, веројатно биле со цел прилагодување на карпите за нивно вклопување во рамки на градби. Но, кај неколку од нив може да се насетат оформување на форми како посебни културни целини со култна намена. Со истражувањата се добија одредени сознанија за две позиции на кои во подалечното минато веројатно се изведувале некакви ритуални процесии. Пред сè, самиот изглед на обработените карпи на двете места наведуваат кон оваа претпоставка.



**Сл. 2 - Светилиште**

[4] Истражувањата беа со цел научно потврдување на просторот на акрополата како археолошко наоѓалиште и изготвување на елаборат за негова заштита во однос на потенцијално загрозување на неговиот интегритет при идна експлоатација на гранитните слоеви. Затоа се стави акцент на помали ископувања на повеќе места.

Едната позиција е карпа веднаш под самиот западен раб на акрополата (Сл.2). Карпата е со долгнавеста форма со должина од 3,40 м., висина 1,30 м. и правец на протегање север-југ, со мал отклон кон запад. Фронтално е природно пресечена, накосо кон нејзината внатрешност. На горната површина се евидентираа три вдлабувања (Сл.3, позиции 1-3). Средишното е правоаголно корито со должина од 1,23 м., ширина 0,42 м. и средна длабочина од 0,25 м. (Сл.3, позиција 1 и Сл.4). Вдлабувањето северно од него е со неправилна форма, димензии 0,68 (0,17) x 0,63 (0,16) м. и средна длабочина 0,20 м. (Сл.3, позиција 2 и Сл.4). Вдлабувањето покрај јужниот раб на карпата има кружна форма и дијаметар 0,33 м., но се стеснува кон дното каде е измерен дијаметар од 0,18 м. Негова максимална длабочина е 0,27 м. (Сл.3, позиција 3 и Сл.4). Во слободниот простор меѓу овој раб и соседната карпа кон југ, подигнат е низок преграден ѕид од делумно делкани камења врзувани со кал (Сл.3, позиција 4) со должина од 0,54 м., ширина 0,27 м. и сочувана висина од 0,26 м.




**Сл. 3 – Светилиште - основа**

Значаен движен археолошки материјал за хронолошка идентификација на истражуваниот простор се откри во земјениот слој зад карпата, односно помеѓу неа и соседната карпа која вертикално се издигнува. Дефинирани се два културни хоризонти. Помладиот кој хронолошки се вклопува во доцномакедонскиот период е идентификуван со мноштво фрагментирана покривна и садова керамика со карактеристични облици (стамнос - пискида со коскени остатоци на птица во него, ехинус чинии и чинии од типот ихтија, сад со горен дел во S профилација) и една бронзена монета.

Постариот културен хоризонт припаѓа на предисториските периоди доцниот енеолит и бронзеното време. Движниот материјал беше помешан низ земјата, така што не можеше стратиграфски да се дефинираат. Доцниот енеолитски период е застапен со

поретки наоди, меѓу кои се издвојуваат еден фрагмент од сад декориран со ленти изведени со убоди и масичка на две нозе со приближно правоаголен плиток реципиент, додека бронзенодопскиот движен материјал е мошне богат и се состои од садова керамика со типични облици: големи конусни чинии со вовлечен горен дел, садови декорирани со хоризонтални плетеници, широки лентести држалки и држалки со јазичеста, односно правоаголна форма.



**Сл. 4 – Светилиште – вдлабувања**

Основата на овој предисториски културен хоризонт претставува, со хоризонтално делкање, нивелирана ронлива карпа. Во крајниот јужен дел се откри мала конструкција со правоаголна форма оформена од делумно делкани камења, отворена кон југ (Сл. 3, позиција 5), додека во северната половина од просторот се евидентираа две позиции со фрагментирани делови од керамички садови и остеолошки остатоци. На едната се идентификувани коски од некое поголемо животно (Сл. 3, позиција 6 и Сл. 5), додека на другата остеолошки остатоци од дете, фрагментиран череп, делови од вилицата и коски од раце (Сл. 3, позиција 7 и Сл. 5). Веројатно животинските коски положени во садот на првата позиција биле дел од некаква ритуална процесија, додека за остатоците од дете не може да се каже нешто

поконкретно. Можеби станува збор за гробен наод, но не се исклучува да е тоа жртвено погребување на мртво новороденче, а во рамки на култната процесија.



**Сл. 5 - Позиции со садови и остеолошки остатоци**

Се истражи и слободниот простор фронтално пред карпата со вдлабувања (Сл. 2). Масивните грубо делкани камења откриени во овој дел веројатно припаѓале на преградување од некоја отворена градба. На одредено ниво се наиде на помали плочести камења, дел од подното ниво. И овде се евидентираа наоди од фрагментирана садова керамика од трите наведени периоди.

Облиците на вдлабувањата на истражуваната карпа на локалитот Мал Сурун (Орлов камен) упатуваат на нејзино користење, како и на просторот околу неа, при одредени религиозни процесии во односните периоди. Северното вдлабување е со неправилна форма. Според аналогиите што ги нуди карпестата уметност на слични по форма вдлабувања, станува збор за фалусоиден облик, додека пак вдлабувањето на јужната страна на карпата би била претстава на женскиот симбол на плодноста.

Најстари претстави на симболи на плодноста се откриени во пештерата La Ferrassie, југозападна Франција, а ги има и во неколку други палеолитски пештерски живеалишта од оваа епоха[5]. И во следните предисториски епохи, неолитот и енеолитот, односно во време на развиениот матријахат, жената се претставува преку нејзиниот симбол на плодноста како главен чинител во создавање живот[6]. Фигуралната претстава на жената мајка е еден од основните белези на материјалната култура на човечките заедници од овие временски периоди[7].

Веќе во бронзенодопскиот период фигуралните женски претстави стануваат сè поретка појава. Постепено се издигнува доминантната улога на мажот, а во рамки на општите раздвижувања на заедниците. Можеби токму во овој период доаѓа до одредена нова поставеност во однос на обожавањето на култот кон плодноста, односно покрај женскиот симбол, се истакнува и важноста на машкиот симбол во создавањето на новиот живот. На ритуалното светилиште на Мал Сурун се забележува предимензионирана претстава на машкиот симбол во однос на женскиот.

Во железното време како турбулентна епоха на бурни воени конфликти меѓу заедниците, луѓето немале многу време и сили да се посветуваат на духовните вредности. Оваа воопштена констатација на некој начин се потврдува и со изостанувањето на железнодобен културен хоризонт на нашето светилиште. Раѓањето можеби била премногу тривијална појава за воините од тоа време.

Подоцна во антиката, се забележуваат чести фигурални претстави на фалусот како симбол во разни верувања. Во грчката и римска митологија се појавуваат божества кои се поврзувале со култот кон плодноста, Пријап и Мутун, а се славеле низ обредни игри[8]. Карпата на Мал Сурун според откриените движни наоди веројатно се користела со истата култна намена поврзана со плодноста и во античките периоди. Доцномакедонскиот е потврден со движните наоди, додека ненаоѓањето на наоди од следниот римски период не мора да значи дека односниот простор ја изгубил

[5] Студија на оваа тематика подготвува Оливера Јандреска, археолог од Прилеп, во која се опфатени појавите на симболите на плодноста во подолг временски период од предисторијата до антиката.

[6] Gimbutas M., 2001, The Living Goddesses, University of California Press, Los Angeles, 11;

[7] Многубројни се наодите на женски фигури од археолошките наоѓалишта од неолитот и енеолитот со нагласени атрибути на плодност.

[8] Cermanovic Kuzmanovic A., Srejovic D., 1992, Leksikon religija i mitova drevne Evrope, Beograd, 366, 454;

претпоставената намена. Можно е поради природни ерозивни дејствија, културниот хоризонт од тој период да е девастиран.

Додека вдлабувањата во карпата со облици на машки и женски симбол имале одредена улога во насока на успешно зачнување, во правоаголното корито меѓу нив можно е да се вршела процесија на ритуално капење на новороденчето на истото место кое е „заслужно“ за неговото раѓање. Откриените остеолошки остатоци на мало дете, веројатно мртвороденче, може да е симболична молитвена жртва за одбегнување на повторна појава на мртвороденче во иднина.



**Сл. 6 - Карпа „Престол“**

Реминисценција на древните верувања поврзани со култот кон плодноста, претставуваат местата кои што ги посетуваат нероткитe и денес, во нашето современие. Во Република Македонија меѓу луѓето познати се неколку „култни“ камења за кои се верува дека помагаат во зачнувањето на нов живот[9].

[9] Вражиновски Т., 1998, Народна митологија на Македонците, Книга 1, ИСК, Прилеп-Скопје, 109-110; Вражиновски Т., 1998, Народна митологија на Македонците, Книга 2, ИСК, Прилеп-Скопје, 121, 128-

Втората локација на Мал Сурун на која се издвојува карпа според начинот на која е обработена, е во крајниот западен дел од Јужното плато. Карпата меѓу месното население е позната како м.в. „Престол“. Има долгнавеста форма, правец на протегање исток - запад, должина од околу 13,00 м. и максимална ширина од 6,00 м. Северната и јужната страна имаат природен, приближно вертикален пад. Називот „Престол“ карпата го добила со оглед на тоа што во нејзиниот краен источен дел е изделкана така да може да се седи (Сл. 6). Пред овој вертикален дел е оформена хоризонтална платформа (дим. 2,30 х 1,98 м.). Просечната висина на „престолниот“ вертикален дел измерена од нивото на платформата изнесува околу 1,10 м. Самото средишно седло е нешто пониско, односно со просечна висина од околу 0,70 м., а во ширина е 0,45 м. Странично од него се забележуваат повеќе плитки кружни вдлабувања.

Кон запад од платформата се следи природниот пад на карпата со нерамна површина на која има голем број на вдлабувања со кружни, овални или неправилни



**Сл. 7 - Јами**

130, 133, 136, 141, 142; Караџоски В., 2015, Провлекувањето, составен дел на народната медицинска пракса во Македонија, Балканославика 40-44, ИСК, Прилеп-Скопје, 100;

форми и различни длабочини. Некои од нив се каскадно поврзани. Веројатно станува збор за систем од култни јами (Сл. 7). Од северната страна карпата била прецизно скалесто изделкана. Можеби тоа бил скалиштен приод кон култниот простор, но можно е едноставно карпата во тој дел да била прилагодена за налегнување на камени блокови како дел од некакво ѕидно преградување (Сл. 8).



**Сл. 8 - Скалишни форми**

Овој вака скаловидно оформен дел од карпата е со ист правец на еден од ѕидовите на градба која била подигната веднаш покрај карпата (Сл. 9). Со истражувањата откриени се ниски ѕидни партии од убаво делкани камења кои оформуваат мала просторија со ширина од 2,00 м., додека паралелниот ѕид со карпата беше сочуван во вкупна должина од 4,60 м. Измерени се ширини на ѕидовите од 0,50 м. до 0,70 м. Беше дефинирано подно ниво од набиена жолтеникава земја со ред од градежна керамика и камено поплочување во северниот дел од просторијата.

И од спротивната, јужната страна на карпата, се евидентира еден на неа паралелен ѕид од плочести делумно делкани камења, но не така компактен како ѕидовите од просторијата од северната страна. Сочуван беше во должина од 3,10 м. и е со средна ширина од 0,40 м. Во неговиот краен источен дел се констатира мошне дебел слој на горена земја и мноштво метална згура.



**Сл. 9 - Градба од северната страна на карпата**

Во истражениот простор од двете страни околу карпата евидентиран е богат движен материјал од доцномакедонскиот период, претежно фрагментирана садова керамика. Откриени се и поголем број на земјени перфорирани пирамидални и бубрежести по форма тегови, железен конусен врв на копје и ноже со лачна форма, како и фрагмент од бронзена белегзија. Од нумизматички наоди присутни се две бронзени монети на автономните градови Амфипол и Дирахион од II век ст.е. Мошне ретки се наодите на фрагментирани предисториски керамички садови со доста груба изработка.

Карпи со оформувања во вид на седало се познати на поголем број локации во поширокиот регион. Во денешна Бугарија евидентирани се на локалитетите Св. Петар кај село Долна Секирна и Водна скала во близина на градот Стрелча, како и во близина на селото Татул, додека во Мала Азија карпа со форма на трон е позиционирана на плато оградено со импресивни мегалити во близина на античкиот град Гордион[10]. На територијата на Република Македонија познати се камените престоли на локалитетот Татичев камен, село Кокино[11]. Се датираат најрано во доцниот енеолит, а со евидентирани движни наоди е потврдено нивно подоцнежно користење и во следните предисториски епохи, како и во античко време. За сите е заедничко тоа што пред нив била оформувана камена платформа како слободен простор каде се извршувале обредните процесии. Според истражувачите на овие места одредено лице, свештено или старешина на заедницата, седејќи на седалото комуницирало со боговите и раководело со ритуалот. Комплексот Кокино во науката е веќе прифатен како древна астрономска опсерваторија. Камениот престолен дел било местото од каде биле набљудувани појавите и промените на небото, а во функција на дефинирање на одредени општествени активности во заедницата[12].

Јамите издлабени во карпата на Мал Сурун во секој случај биле поврзани со ритуалот кој бил изведуван. Многубројни се примерите на јами вдлабувани во карпи. Валерија Фол во последните години интензивно ги истражува карпестите сакрални комплекси во соседна Бугарија, при што ја развива тезата за тоа дека многубројните јами издлабени во карпи претставувале реципиенти во кои се сипале течности како симболично отелотворување на течението на духот[13]. Ова размислување го поткрепува со значајниот цитат на Ферекид од Сирос од 6 век ст.е., а забележан од Порфириј во 3

[10] Mihaylov P., 2008, Ritual practices and sites on the peak St. Peter, Dolna Sekirna village, Journal of regional museum of history Pernik, 9; Gotsev A., Katzarov V., Staneva S., 2016, Some problems with the study of megalithic complexes, Megalithic monuments and cult practices, Second international symposium, South-West University Neofit Rilski, Blagoevgrad, 226; Фол В., 2000, Мегалитни и скално изсечени паметници в древна Тракия, УИ Св. Климент Охридски, София, 69, 94;

[11] Станковски Ј., 2003, Три мегалитни споменици во кумановскиот регион, Пирајхме 2, НУ Музеј Куманово, 231;

[12] Станковски Ј., Трајковска Л., Кокино, тврдина на сонцето, 2007, НУ Музеј Куманово;

[13] Фол В. 2000, 76, 88;

век, според кој оформувањето на разни форми во карпи симболички се поврзува со култовите посветени на раѓањето и испраќањето на животот[14].

Двата опишани примери на карпи со веројатно култна намена, покрај уште неколкуте слични по форми карпи присутни на акрополниот простор на ридот на Мал Сурун (Орлов камен) кај прилепското село Дупјачани, упатуваат на развиен комплекс на светилишни места каде во подолг период, почнувајќи од доцниот енеолит, па сѐ до раноцарскиот римски период, се извршувале различни обредни активности. Доминантноста на ридот, како и отежнатата пристапност до него, се исто така одлики на местата каде луѓето се поблиску до боговите и во нивна чест приредуваат ритуални процесии.

Егзистирањето на слични карпести светилишни комплекси во поширокиот регион укажува на подеднакво ниво на развиена свест на заедниците во подалечните епохи во разбирањето на духовното во исто време, почнувајќи од доцниот енеолит, преку следните предисториски епохи, сѐ до раноцарскиот римски период.

**Bibliography**


1. “Eneolithic settlement Kruseanska Chuka“, Macedoniae acta arhaeologica 15, MASS, Skopje, 1999, 33-46
2. “Eneolithic in Pelagonia”, CD Macedonian antiquities, Ein Soft, Skopje,1999
3. “Neolithic anthropomorphic statuettes in the prehistoric collection of the NI Institute and Museum Prilep”, Macedonian heritage 17, Skopje, 2001, 52-69 (with A. Mitkoski)
4. “New prehistoric sites in Prilep region of Pelagonia”, Bulletin 15, NI Institute and Museum Bitola, 2004, 133-145 (with A. Mitkoski)
5. “Ceramic vessels from Vrbjanska Chuka“, Macedoniae acta arhaeologica 16, MASS, Skopje, 2005, 29-51 (with A. Mitkoski)
6. “50 years Museum of Prilep“, NI Institute and Museum Prilep, 2005, 18-31


[14] Фол В., 2003, Пространствено времеви континуум на скалните топоси на вряа, Пирајхме 2, НУ Музеј Куманово, 222; Станковски Ј., 2003, 245;

7. "Neolithic types of home sacrificial altars in the prehistoric collection in NI Institute and Museum Prilep", Bulletin 2, NI Museums of Macedonia, Skopje, 2005, 47-56 (with A. Mitkoski)
8. "Prehistoric settlment Mogila Senokos", Macedoniae acta arhaeologica 17, MASS, Skopje, 2006, 55-79 (with A. Mitkoski)
9. "Ancient Macedonian shields", Prilep, 2007 (with P. Juhel)
10. "Fragments de boucliers Macedoniens au nom du roi Demetrios trouves a Staro Bonce", ZPE 162, Bonn, 2007, 165-180 (with P. Juhel)
11. "Late neolithic settlment Kutine Rakle", Macedoniae acta arhaeologica 18, MASS, Skopje, 2008, 93-108 (with A. Mitkoski)
12. "Eneolithic site Golemi kamen Lopatica", Macedoniae acta arhaeologica 18, MASS, Skopje, 2008, 115-134 (with A. Mitkoski)
13. "Antique Macedonian shields from Pelagonia", Histria Antiqua 18, Pula, 2009, 173-178
14. "Golden coins from the numismatic department in the Institute and Museum of Prilep", Macedoniae acta arhaeologica 19, MASS, Skopje, 2008, 297-304 (with B. Jovanovska)
15. "Bronze statuettes of the god Mercury in the Institute and Museum of Prilep", Macedoniae acta arhaeologica 20, MASS, Skopje, 2011, 201-212
16. "Découverte de nouveaux boucliers macédoniens en Pélagonie - Aspects archéologiques et réflexions historiques", Hellenistic Warfare 3, Tours, IVECO, 2011, 175-189 (with P. Juhel)
17. "Metallurgical archaeological investigations on the Macedonian shields of Staro Bonce, Bronze Age Warfare : Manifacture and use of weapony", BAR International Series 2255, 2011, 201-212 (with P. Pikardo)
18. "Macedonian antique localities in Prilep region", Bulletin 16, NI Institute and Museum Bitola, 2012, 19-38
19. "Three new discovered ancient tombs cut into a rock in the region of Prilep", Macedonian heritage 40-41, Skopje, 2012, 83-104 (with A. Mitkoski)
20. "Educative project Our past", Museologica Macedonica 11-12, ICOM, Skopje, 2012, 50-53
21. "Early Antique and ancient Macedonian period in Prilep region", One Millennium of Prilep, 1014-2014, Local Government of Prilep, 2015, 33-43

22. “Projectile from stone throwing engine from the archaeological site Bedem Chepigovo (Stibera)”, Stowianskie teksty kultury, Samokowskie kontynuacje II, Institute for Slavic culture, Prilep, 2015, 119-128 (with O. Petrov)
23. “Rock cut tombs at the site Surun, Gorno selo”, Bulletin 19, NI Institute and Museum Bitola, 2016, 121-130
24. “Cult place dedicated to the birdface god from Stybera”, Acta musei Tiberiepolitani, NI Institute and Museum Strumica, 2017 (paper in print)
25. “Bulevterion in Stybera”, Bulletin 20, NI Institute and Museum Bitola, 2017 (paper in print)